**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,21 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Продолжуваме со 90-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Петар Поп Арсов, Јован Манасиевски, Фијат Цаноски, Љубисав Иванов Ѕинго, Гоце Марковски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Фадил Сулејмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Никола Рилкоски, Илинка Митрева,Надица Танчева Тулиева, Горан Мисовски, Агим Рамадани, и Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 1. - Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Има збор господинот Трајко Велјановски, повелете.

**Трајко Велјановски:** Благодарам претседателе.

Предлог одлуката која е доставена од моја страна е за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Согласно донесувањето на новиот закон за јавни набавки, претседателот и 4 членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки по пат на јавен конкурс, а на предлог на Комисијата за прашања на избори и именувањата, ги именува Собранието на Република Македонија за период од пет години, со право на повторен избор.

Како што знаеме досегашната пракса беше Комисијата за жалби по јавни набавки да биде избрана од Владата на Република Македонија и со оглед на директивите од Европската унија и измените односно носењето на новиот Закон за јавни набавки се вметна во оваа одредба која е целисходна затоа што претседателот и членовите на Комисијата за жалби по јавни набавки се избираат на јавен конкурс и се со професионален работен однос, а не како што е досега праксата да бидат хонорарно на работа.

Во оваа одредба односно во членот 202 од Законот за јавни набавки, исто така се утврдени условите кои треба да ги исполнуваат претседателот и членовите на оваа Комисија. Имено, за член може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: да биде државјанин на Република Македонија и да е дипломиран правник со најмалку 3 години искуство во областа на јанвите набавки.

За претседател може да биде именувано лице кој ги исполнува следните услови: да има положен правосуден испит и најмалку 6 години работен стаж како судија, јавен правобранител, заменик јавен правобранител, нотар или адвокат односно 10 години на други правни работи со положен правусуден испит. Значи строго се утврдени условите за избор на претседател и член на Комисијата за жалби по јавни набавки.

Со оглед на ова сметам дека Собранието треба да ја донесе оваа предложена одлука за да може да започне со постапката за избор на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки која ќе работи согласно одредбите од новиот закон за јавни набавки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ве молам уште еднаш да ни доставите точен број на присутни пратеници, бидејќи во меѓувреме некои пратеници влегоа во салата.

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат, бидејќи ќе гласаме.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ќе го повториме гласањето.

Уште еднаш ги повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, сите 50 гласале за, воздржани и против нема.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници за да видиме дали е валидно гласањето.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Минуваме на точка 2. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцеларијата на Европската полиција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на зазконот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за надворешни работи господинот Милошоски.

**Антонио Милошоски:** Благодарам претседателе.

Само на кратко во врска со Предлогот за донесување на закон за ратификација на Стратешкиот договор помеѓу Македонија и Канцеларијата на Европската полиција.

Заради зацврстување на соработката на Македонија со членките на Европската унија, особено во областа на спречување, откривање и сузбивање на криминал и истражување на сериозни форми на меѓународен криминал, како и заради размена на стратешки информации во овие области, Република Македонија и Канцеларијата на Европската полиција - Европол, на 16 јануари 2007 година го склучија овој стратешки договор за соработка.

Бидејќи во членот 19 од Договорот е предвидено потреба од исполнување на внатрешно правните услови во Република Македонија, заради негово влегување во сила, потребно е истиот да се ратификува од Собранието на Република Македонија. Тоа е нашата препорака до Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за рафитикација на стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцеаријата на Европската полиција.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 60, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 53, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 62 воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцеларијата на Европската полиција.

**Минуваме на точка 3. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор министерот за надворешни работи, господиниот Милошоски, повелете.

**Антонио Милошоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, Светскиот поштенски сојуз е меѓународна организација за координација на поштенските услуги и обезбедување на оваа светска поштенска мрежа.

Република Македонија е полноправна членка на овој сојуз од 1993 година. Сојузот е специјализирана агенција на ОН.

Основен акт на Сојузот е Уставот на овој сојуз кој е изменет со дополнителни протоколи. Во овој случај се работи за усвојување на еден дополнителен протокол кој ја подобрува ефикасноста на работење на Светскиот поштенски сојуз.

Бидејќи Седмиот дополнителен протокол претставува меѓународен договор на Република Македонија, истиот треба да биде ратификуван од страна на Собранието на Република Македонија, со што ќе стане составен дел на правниот систем на државата.

Бидејќи законот што се предлага не е ниту сложен, ниту обемен, се предлага Предлог законот да се разгледа на истата седница на Собранието на Република Македонија, на која ќе се разгледува и Предлогот за донесување на Законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, сите 56 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 62, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на Закон за водите**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија поднесе амандман на член 45 став 1 точка 3 член 215 став 5, член 231 по ставот 3 и на член 265 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составн дел од текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Панче Дамески поднесе амандман за бришење на член 265, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Садула Дураку, Сафет Незири, Ајше Селмани и Аднан Јашари поднесоа амандмани на членовите 27, 30 и 51 и на член 45 за менување на став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев, Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски и Ацо Киров поднесоа амандмани на член 35 став 1, член 215 став 1, член 219 став 3 точка 8 и на став 5, член 250, член 260 и на член 266, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членовите 27, 30 и 51, поднесен од пратениците Рафис Алити, Садула Дураку, Сафет Незири, Ајше Селмани и Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Соња Липоткова:** Амандманот не го прифаќаме.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе.

Го поздравувам заменик министерот по екологија и сите останати колеги. Искрено сакам да подвлечам дека настојувањето зошто од пратениците како предлагачи на овој амандман го поднесовме со што на прв поглед се менуваат одредени поими или одредени органи, но повеќе е од вистина дека суштината на измената што се предлага со еден ваков амандман е голема.

Се говори за настојувањето на предлагачите преку еден ваков амандман, за една одредена област која се однесува за издавање на дозволи за снабдување на граѓаните со вода за пиење, да не биде централизирана област, туку да биде децентрализирана. Во оваа насока целта на предлагачите е дозволите доколку се донесе овој амандман од страна на колегите, да не ги издаваат надлежните органи од централно ниво, како што е Министерството за екологија, туку ова прашање да се децентрализира и во оваа насока надлежен за издавање дозволи за снабдување со вода за пиење, дозволата да ја издаваат органите на локално ниво или органите на локалната самоуправа што ќе бидат надлежни за издавање на дозволи за снабдување со вода за пиење.

Непосредна причина зошто го предложивме овој амандман, со што нормално сакаме да го измениме членот 27, 30 и 51, исто така е и прашањето на директивите со кои предлагачот сака да се усогласи овој текст на овој закон со директивите на Европската унија и во оваа насока анализирајќи ги овие директиви дојдовме до констатација дека директивите кои се составен дел на предложениот текст од страна на предлагачот не ги уредуваат прашањата кои ние сме ги предложиле да ги изменат.

Затоа, поаѓајќи од овие причини или овие образложенија, ние како предалгачи оценивме дека преку амандманот 1 и 2 кои нормално се меѓусебно поврзани бидејќи првиот амандман го опфаќа прашањето на издавање дозволи, додека вториот амандман е прашањето е за одземање на дозволите, што значи наше настојување е преку овие два амандмани да се усогласи текстот на овој закон и во оваа насока да нема противречности меѓу деловите на текстот кој е предложен. Уште еднаш ќе нагласам ние сакавме еден одреден дел од областа што се уредува со овој закон да се децентрализира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор заменикот министер за животна средина.

**Соња Липиткова:** Јас само сакам да појаснам за пратениците кои треба да се изјаснат со гласање по амандманот дека предложениот амандман е во спротивност со одредбите на Рамковната директива за води која утврдува дека управувањето со водите треба да се врши со посебни оргазициони единици кои согласно Предлог законот за води се формираат во Министерството за животна средина и просторно планирање. Меѓутоа да појаснам и да потврдам дека општините, во членовите стои, дека задолжително се консултираат при издавање на сите дозволи што се утврдени со Предлог на

законот и градоначалникот до Советот поднесува мислење и во рок од 15 дена треба да се произнесат и да достават свое мислење кое што ние како Министерството за животна средина понатаму го проследуваме. Значи, општините не се заобиколени и сметам дека ова што е направено е во согласност со директивите и дека општините одсега и понатаму ќе имаат свое мислење односно ќе имаат свој удел посебно околу дозволите, особено околу дозволите за води за пиење.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Аднан Јашари претпоставувам реплика.

Повелете имате реплика.

**Аднан Јашари:** Вистина е тоа што го кажа заменикот министер, во единиците на локалната самоуправа или одредени органи на локалната власт треба во текот на поднесувањето на барањето за стекнување дозвола за снабдување на вода за пиење да дадат мислење и предложениот текст содржи една ваква одредба, но јас мислам дека, колку што ја познавам оваа област, посебно од аспект на меѓународно уредување, од директивите што сум ги анализирал дојдов до констатација дека и покрај тоа меѓународните извори во оваа насока и директивите како еден од клучните извори кои ја уредуваат областа од снабдување со вода за пиење предвидуваат еден единствен орган кој ќе биде непосредно утврден за управување со водите за пиење.

Сакам да го нагласам и тоа дека преку предложениот амандман ние го имавме предвид ова прашање и ценам дека нашите предложени амандмани имаат за цел да го уредат ова прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Садула Дураку, повелете имате збор.

**Садула Дураки:** Благодарам претседателе.

Госпоѓо заменик министер за екологија, почитувани пратеници, колеги,

Нашиот амандман поднесен од ДУИ е поднесен од причина имајќи го во предвид менаџирањето со води, вода за пиење и за полевање е проблематика и работа што треба во Република Македонија навистина да се третира во поинакви форми, а не онака како што е предвидено. Повеќе од вистина е дека некои членови и амандмани кои што се усогласени со прашањето кое што е во согласност со барањето од Европската унија, вистина е дека тоа не се определува со европските директиви дека треба да биде неотуѓиво управувањето со водите во Екологијата или во некоје друго Министерство туку да бидат менаџирани од едно место. Така што, во овој Предлог закон не е вистина дека со управувањето со водите е од едно место туку повторно се распределени во Министерството за земјоделие и Екологија. И понатаму, имајќи предвид дека во локалните места имало проблеми, големи проблеми со водите во Република Македонија и поради таа причина нашата парламентарна група интервениравме амандмански да се направи измена во членот 27, 30 и 51, поради една единствена причина, а повеќе од вистина дека треба да се добие мислење од единиците на локалната самоуправа, меѓутоа има и една друга вистина дека тоа мислење може да се добие само доколку во определено време тие дадат мислење, и повторно одлучуваат, тогаш е централизирано.

Проблемот на одлучувањето за водите, на тоа место, без оглед дали му припаѓа или не за вода за пиење, како и како што ние имаме сознание уште од порано, како што се случувало во Вевчани, имаме сознание и за некои други населени места, кои што се до води, сепак немаат вода за пиење и до ден денеска тие луѓе немаа чиста вода за пиење од причина што водите биле централизирани.

Една ваква грешка во иднина да не ни се повторува и поради оваа причина ние како парламентарна група интервениравме амандмански. Амандманот 1 е исто така тесно поврзан со амандманот 2 и мислам дека парламентарното мнозинство треба да има позитивен сенс овој амандман или повторно заменик министерот да го разгледа и да го прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, а службите ги молам да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 61 пратеник, според тоа ве повикувам да гласаме.

Гласале 45 пратеници, за гласале 15, воздржани нема, против 30.

Според тоа, амандманот не е прифатен.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 27, 30 и 51 поднесен од пратениците Рафис Алити, Садула Дураку, Сафет Незири, Ајше Селмани и Аднан Јашари.

Објавувам едночасовен прекин за ручек.

(Пауза започна од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,13 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои сеуште не се влезени во салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои сеуште не се влезени во салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за екологија, повелете.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за менување на став 3 поднесен од пратениците Рафис Алити, Садула Дураку, Сафет Незири, Ајше Селмани и Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик заменик министерот за екологија, повелете.

**Соња Лепиткова:** Амандманот не се прифаќа, бидејки согласно Директивата потребно е да се води единствен регистер односно водна книга на сите корисници за водите во кои се запишуваат издадените дозволи и се следи нивното спроведување.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата на го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата за да го извршиме гласањето.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Бидејки се присутни само 39 пратеници, ги молам координаторите на пратеничките групи да направат напор за обезбедување на кворум за работа на Собранието.

Објавувам пауза 10 минути за кворум. Благодарам.

(Пауза од 15,30 часот).

(По паузата)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, за да продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои сеуште не се влезени во салата да влезат во салата за да продолжиме со работа, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејки, не се создадоа услови за работа, тука ја прекинувам денешната седница. Воедно ве известувам дека согласно со договорот на координацијата денешна, утре во 11,00 часот ќе ја одржиме 97-та седница, а по завршување на 97-та седница ќе започнеме со 98-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,47 часот)